**20151955383**

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 и член 66 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015), Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 2.11.2015 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ПРИЕМЕН ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

Член 1

Во Правилникот за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ („Сл. весник на РМ“ бр. 77 од 12.05.2015 година) во член 5 став 1, по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи „Напомена за уплата на 1000,00 денари на име надомест на трошоци за полагање на приемниот испит“. Алинеите 4, 5, 6 и 7 стануваат алинеи 5, 6, 7 и 8.

Член 2

Во членот 6, став 3 од Правилникот, точката на крајот се брише и по зборот нотар се додаваат зборовите „како и доказ за уплатени 1000,00 денари на сметка на Академијата на име на надомест на трошоци за полагање на приемниот испит“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-384/13
2 ноември 2015 година
Скопје

Академија за судии и
јавни обвинители Павел Шатев
Претседател на Управен одбор,
**Лилјана Спасоска,** с.р.